441

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
— Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik —
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 22 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 441/2 | | |

До

Националната комисија за учебници

Во согласност на одлуката на НКУ донесена на седница 02.04.2026 г. **проф. д-р Тони Филипоски е избран за член-известител** за наставниот предмет: ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ во основно образование. По доставување на сета потребна документација по електронски пат на 14.04.2026, од страна на Педагошката служба на МОН на РС Македонија, а согласно членовите 9 и 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ бр. 3 од 3.01.2025 го поднесувам следново:

# ИЗВЕСТИЕ

за наставниот предмет: ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ во основно образование

На Конкурсот за учебници во основно образование, за наставниот предмет: **Граѓанско образование за VIII одделение**, според БРО, се пријавиле три ракописа (шифра **30, 31 и 32**). Бирото за развој на образование доставило мислење за трите ракописи, бр. 09-170/27 од 17.02.2026, изготвено од стручна комисија (бр. на решение: 02-170/11 од 2.2.2026 г.) во состав: м-р Оливер Стојановски, пом. раководител на Сектор, Ирена Борисовска, советник и Соња Радевска, помлад соработник, потврдно потпишано м-р Милка Тримчевска, директор на БРО и м-р Афродита Давко, раководител на Одделение и Ајше Ајрулаи, раководител на Сектор. Во образложеното стручно мислење за ракописите на учебници по предметот Граѓанско образование за VIII одделение од основно образование, изнесените наводи првенствено се темелат на нивната усогласеност со наставната програма по предметот и Методологијата за вреднување на учебници. Ракописот за учебник под шифра 30 според стручното мислење ги има следниве карактеристики:

- Ракописот под **шифра 30** ги содржи сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма и истите придонедуваат на постигнување на резултатите од учењето и стандадите за оценување предвидени со наставната програма;
- Содржините се развиени согласно стандардите за оценување од соодветните теми во наставната програма и се базирани на современи, научно засновани и релевантни сознанија. Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на;
- Понудените активности во ракописот се солидно осмислени и поттикнуваат критичко размислување од учениците и да можат да дискутираат со свои ставови. Целиот текст на учебникот е напишан во ист стил. Варијациите во фонтовите и боитего олеснуваат увидот во структурата на учебникот. Илустрациите се се соодветно насловени и визуелно одделени од текстот. Во сите лекции, прашањата и активностите за учениците се посебно графички обликувани и логички распоредени.

За ракописот под **шифра 30** може да се заклучи дека истиот е во целост усогласен со наставната програма и целосно ги задоволува критериумите од Методологијата за вреднување на учебник со што БРО **ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

Во ракописот за учебник под **шифра 31** се содржани сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма, но обемот и сложеноста на содржините кои се разработени не соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците, односно се преобемнии.

- Ракописот не е структуиран и организиран за да овозможи прегледност и лесно користење. Забележани се неколку печатни грешки. Варијациите на фонтовите и боите не го олеснуваат увидот во структурата на учебникот;
- Илустрациите не се соодветно насловени и визуелно одделени од текстот. Сите фотографии не се со јасна резолуција.

Со тоа може да се заклучи дека ракописот за учебник под **шифра 31** е во целост усогласен со наставната програма, но не ги задоволува целосно критериумите од Методологијата на вреднување на учебник со што БРО **НЕ ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

Ракопис за учебник под шифра 32 ги содржи сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма, но истите не се добро структурирани, па некои содржиниграфички изгледаат како теми.

- Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени не соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците. Во ракописот не се понудени доволно активности за учениците, а тие што ги има не се добро разработени.
- Во однос на критериумот на поврзаност со учењето и поучувањето, учебникот не е структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење. Илустрациите не се соодветно насловени, не се визуелно одделени од текстот и не се во функција на текстот. Целиот текст во учебникот не е напишан во ист стил. Има преголеми илустрации карактеристични за списанија без никаво објаснување и илустрации со лоша резолуција.

Со тоа може да се заклучи дека ракописот под **шифра 32** не е усогласен со наставната програма и не ги задоволува целосно критериумите од Методологијата на вреднување на учебник со што БРО **НЕ ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

Рецензентската комисија за стручно вреднување за ракописи на учебник по наставниот предмет: **Граѓанско образование за VII одделение во основно образование** во состав: проф. д-р Зоран Матевски (Филозофски факултет-УКИМ-Скопје), претседател; проф. д-р Македонка Радуловиќ (Филозофски факултет-УКИМ-Скопје), член; Симона Петковска Илиеска (ООУ „Владо Тасевски“- Скопје), член, го донесе следново мислење. Ракописот за учебник **под шифра 30** содржи низа позитивни критики. Учебникот претставува современ и методолошки усогласен материјал, кој е во согласност со наставните програми и националните стандарди. Содржината е заснована на релевантни сознанија, прилагодена на когнитивното ниво на учениците и

не поттикнува стереотипи, туку напротив промовира мултиетничка толеранција и соработка. Текстот е јасен, разбирлив и напишан според јазичните и правописни норми, а дизајнот е прегледан и естетски прифатлив.

Во насока на натамошно унапредување на квалитетот, комисијата ги предлага следниве корекции и надополнувања, кои не се од обврзувачки карактер:

1. **Страна 39** – постои контрадикторност околу мандатот на судиите (шест години и девет години. Да се исправи и да се наведе отчниот датум: **девет години**.
2. **Страна 62-65** – во главата „Медиумите како заштитници на човековите права" да се додаде поимот **дезинформација** со соодветно објаснување. Наместо „лажни вести", да се користи терминот „дезинформација", кој е прецизен и прифатен во новинарската практика и македонскиот јазик.
3. **Страна 84** во главата „Република-парламентарна и претседателска демократија"да се дополни објаснувањето: „*Изборност на органите на власт: Шефот на државата (претседателот) и претставничките тела (собранието) се избираат на избори од страна на граѓаните*".
4. **Страна 88** – во главата „Државно уредување на нашата земја" да се промени во „**Државно уредување на Република Северна Македонија**".
5. **Страна 48** – Во фотографијата стои : „Заштита на правата на децата е обврска на институциите, на семејството и на институциите". Да се коригира печатната грешка на крајот нанесто „институциите" да стои „училиштето".
6. **Национални стандарди** – препорачувамеда се додадат содржини/примери за следниве стандарди:

   **VIA7** – ученикот да препознава манифестации на вербално и физичко насилство, да ги согледува последиците и да се спротиставува на нив.

   **VIA10** – ученикот на знае како да се заштити себе си и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди.

На крај се заклучува дека ракописот за учебник под **шифра 30** квалитетен и применлив во наставата и се дава **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за негово одобрување.

Имајќи ги во предвид документите од БРО и Рецензентската комисија, предлагаме НКУ ДА ГО **ОДОБРИ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК ПО ПРЕДМЕТОТ Граѓанско образование за VIII одделение ПОД ШИФРА 30**, НО ПРЕТХОДНО ОБВРЗУВАЧКИ ДА СЕ ВНЕСАТ **ЗАБЕЛЕШКИТЕ** ОД РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА ПОД БРОЕВИТЕ: 1, 2, 3, 5, 6, А ПОД БРОЈ 4 НЕОБВРЗУВАЧКИ.

Скопје, 20.04.2026

проф. д-р Тони Филипоски,

член –известител на НКУ

---------------------------------------